Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 198/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Славчо Неделковски за порталот Nezavisen.mk ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**Текстот со наслов: „Како Мал битолски Монмартр ја пречекори ликовната граница и премина во политиката", објавен на интернет порталот „Независен.мк", на 12.07.2023 година не отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 22 јули 2023 година од Славчо Неделковски пристигна жалба за текстот „Како Мал битолски Монмартр ја пречекори ликовната граница и премина во политиката“, објавена на интернет порталот „Независен.мк“, на 12.07.2023 година.

Неделковски смета дека станува збор за неточно и нефер известување, незастапена втора страна, говор на омраза, дискриминација, мешање факти и мислење, вест и коментар, презумпција на невиност и заштита на сведоци, нарушени авторски права/ плагијат, нарушување на приватноста, незаштитена малолетна публика и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Па вели:„ Оваа вест е класичен говор на омраза и ширење лаги особено за организацијата преку атак врз мене како индивидуа. Со тоа се создава општ впечаток дека ова е состојба во организацијата и се прави основ за проблеми кон нашето малолетно членство“. Исто така бара од нас „да имате во предвид дека ова е класична манипулација и говор на омраза како и злоупотреба на позицијата новинар за текст кој нема врска со здружението кое е само нишка околу која е сплетена приказна за моја лична дисквалификација до степен на јавен линч и отворен сомнеж за мојот приватен и минат работен труд што не може и не е поврзан со активностите на здружението“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара од Nezavisen.mk да се изјаснат по однос на наводите на жалбата.

Главниот уредник на порталот во одговорот вели: „Како професионален медиум со долго искуство категорично ги отфрламе сите наводи во жалбата и произволните тврдења на Славчо Неделковски дека текстот е „класичен говор на омраза особено за организацијата преку атак врз мене како индивидуа“. Пред се бидејќи текстот е изготвен според сите новинарски професионални стандарди, при што се контактирани не две туку повеќе страни и коректно се пренесени сите изјави. Остваривме средба и со Славчо Неделковски, снимивме интервју, Неделковски одговараше на нашите прашања, самиот ни ја даде изјавата за патувањето потпишана од нотар меѓу Студиото и родителите на децата и ни кажа дека не смееме јавно да ја објавиме, туку само да ја пренесеме. Тоа беше испочитувано и не ја објавивме како фотографија. На Неделковски исто така му беше кажано дека интервјуто ќе се снима заради автентично пренесување на неговите одговори, на што се согласи, а тој одговараше на секое поставено прашање. Потоа контактиравме со родители, еден од нив ни даде изјава, и тој е познат на редакција, а неговата изјава е пренесена. Во првиот дел на

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

текстот јасно стои зошто претседателот на УО Славчо Неделковски е медиумски интересен – поради носењето малолетни деца (од кое најмалото има 9 години) кај политичари во странска држава, како и објавување на фотографии од децата со претседателот Румен Радев и претходно со престолонаследникот Симеон Втори, син на бугарскиот цар Борис Трети. Фотографиите од децата објавени на страната на претседателот на Република Бугарија, Румен Радев ги пренесе самото раководство на „Битолски Монмартр“ во македонски медиуми, а беа објавени во домашни и странски медиуми без да се заштити ликот на малолетните деца, членови на „Мал Битолски Монмартр“. Тоа беше нашиот фокус, злоупотребата на децата во политички цели за што следеше и реакција од Првата детска амбасада Меѓаши.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата не е основана и ја отфрли.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ја утврдуваат вистинитоста на фактите наведени во неа, а кои се во надлежност на други институции. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата за жалби констатираа дека пред нив има случај кој е продукт на политизацијата на малолетниците. Комисијата за жалби беше согласна дека станува збор за тема од јавен интерес. Во расправата беше констатирано дека новинарот направил успешен обид да ја започне серијата текстови, мало истражување, околу се’ она што беше поврзано со „Малиот битолски Монмартр“ и патувањето во Бугарија. Нормално во центар на внимание влегува Неделковски, бидејќи се’ се врти со него и околу него. Членовите на Комисијата не можеа да најдат елементи на говор на омраза во текстот на што укажува Неделковски. Ниту пак некакви елементи за неточно и нефер известување, незастапена втора страна, дискриминација, мешање факти и мислење, вест и коментар, презумпција на невиност и заштита на сведоци, нарушени авторски права/ плагијат, нарушување на приватноста, незаштитена малолетна публика и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Во текстот е дадено значително место на Славчо Неделковски, кој очигледно е незадоволен од тоа како е пренесен. Оттука и констатацијата дека воопшто нема нарушување на етиката. Се е поткрепено со изјави и факти . По што Комисијата едногласно реши да ја отфрли жалбата.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595